СОПРУГАТА НА МОЈОТ СОПРУГ

Алиса Фини

За Даниел, мојот омилен сопруг

1
ИДЕН
30 октомври

Сите лажат и сите умираат. Единствено за овие две нешта човек може да е сигурен во еден несигурен свет. Мене ми е најубаво во полутемнина. Во она време, како тенка сребрена нишка, што ја двои ноќта од денот, а денот од ноќта. Самрак. Зајдисонце. Квечерина. Ако ги наречеш работите со поинакво име, полесно ќе се преправаш дека не се исти. Како љубовта и скршеното срце. Ниедна радост не трае вечно. Не трае вечно ниту ниедна тага, а времето е и премногу драгоцено за да се арчи. Па така, иако веќе станува доцна и небото веќе се облекува за самракот, излегувам надвор во ноќта и трчам.

Свежиот вечерен воздух нагло ми плиска в лице и ми ја затега кожата. Пред устата здивот ми прави облачиња што ги гледам, но студот го сакам речиси исто толку колку што ја сакам темнината. Сетилата ми ги преплавува миризба на морето, во далечината слушам како брановите неуморно плискаат во брегот, шумолењето станува погласно додека со трчање се доближувам натаму. Следните шеесет минути се мои. Во следниов час не сум само сопругата, не сум само мајката, или не сум само жена која се труди да си го најде патот во светот кој како да станува сè поизгубен. Во следниов час, јас сум си само јас. Ги оставам грижите зад

себе, како што го оставив зад себе и мојот телефон, знаејќи дека сите мои проблеми трпеливо ќе ме чекаат кога ќе се вратам дома.

Џогирам надолу по ридот кон селото, долгата руса коса собрана во опавче ми се ниша лево-десно додека тапкам со патиките врз тротоарот. Живеам за овие мигови во кои повторно ќе се чувствувам млада и слободна. Триесет и нешто години не е старост, но таа заокружена бројка во мојот роденден ме мотивираше да направам неколку промени. Една од тие промени беше и трчањето. Многу сум благодарна за сето она што го имам – за мојот сопруг, за нашиот дом, за моето здравје, за нашата слобода – но, понекогаш не можам да не се запрашам како можеби ќе испаднеа работите да направев други избори како помлада. Животот е полн со лизгачки врати и ќор-сокаци, и сигурна сум дека секој одвреме-навреме се прашува *што ќе беше да беше*. Почнувам да трчам малку побрзо, небаре можам да избегам од мисливе ако поставам доволно растојание меѓу мене и нив. Ме бидува со трчање да бегам од светот кога вистинскиот живот ќе стане премногу бучен. Живописното рибарско село кое неодамна ни стана дом е мало, старински привлечно и тивко. Хоуп Фолс од една страна се граничи со брегот на Корнвол, а од друга страна со диво вресиште. Кога влегуваш во селото, како да се враќаш назад во времето, ми се допаѓа да живеам на место на кое има толку многу историја. Денешниве места ретко имаат да раскажат понекоја добра приказна, малку слично како и денешниве луѓе. Тесни калдрмисани улички се преплетуваат меѓу малечките куќи изградени на каскаден терен и со оригинални самостојни дуќани, па водат надолу, кон брегот крај морето. Затворени се речиси сите дуќани, исто како и кафулињата и ресторaните во ова време од годината кога туристите се повлекуваат во големите градови од каде што дошле. Во низа крај пристаништето се постилаат поранешни рибарски колиби со фасадите сега обоени во убави пастелни нијанси, но повеќето од нив сега се претворени во куќи за одмори и ќе останат празни преку зима. Можеби некому му пречи атмосферата како во гратче на духови, но мене мирот и тишината ми годат. Ме смирува.

И натаму трчам, забавувам само кога стигнувам до уметничката галерија, но и натаму не сопирам.

Трчам дури и кога си го здогледувам името на плакатот во излогот, а на него пишува:

ИДЕН ФОКС
Изложба на локална уметница
Почеток: вечерва во 20 часот

Мојата прва изложба: сè уште ја доживувам како остварен сон. Сон што го сонував толку долго. И предолго. Така биднува кога живееш туѓ сон, а не свој. Млада се омажив. Со години, тоа што бев сопруга и мајка како да ми го одземаше сето време, но конечно имам малку слободно време во кое можам нешто да сторам за себе сега кога ќерка ни повеќе не живее со нас. Откако го совладав првичното чувство на вина што за промена се ставам себеси на прво место, ми дојде добро што си ја возобновив амбицијата, а најголема лична страст ми е токму сликањето. Сништата ни се намалуваат како што ни минуваат годините. Понекогаш сосема исчезнуваат, вистинскиот живот ги издишува како балони, но еве сега се трудам да го воскреснам мојот сон. Вечерва ќе е првпат да ги покажам пред други моите дела, а и првпат што со сопругот ќе ги запознаеме нашите нови соседи: луѓе за кои се надевам дека можеби ќе ми станат пријатели бидејќи и ги немам баш многу. Ме боли кога ќе се сетам зошто е така, па се концентрирам врз дишењето, си го наоѓам ритамот на движењето и со трчање се оддалечувам од моите грижи. Но набргу тие повторно ме стигнуваат. Мојот сопруг не личи на себе откако ќерка ни се исели, а ние се доселивме овде. Не можам да утврдам дали страда од синдромот на родител останат сам откако детето одлетало од семејното гнездо или се работи за нешто повеќе. Моја идеја беше да се иселиме од големиот град, но негова беше да се доселиме во Корнвол, иако работи во Лондон. Харисон го задржа нашиот стар стан во големиот град и понекогаш

престојува таму наместо да се врати дома кај мене. Не ми пречи; работата му е важна. Но ми пречи што скришно се гледа со нашата ќерка без мене и мисли дека јас не знам за тоа, иако тие двајца отсекогаш биле поблиски. Иако јас сум таа која се откажа од својот живот за да се грижам за неа и да ја подигам, бидејќи тој беше презафатен. Речиси сосема се стемнило кога стигнувам до живописното пристаниште каде ме пречекува панорамскиот поглед кон океанот. Високите, црни гранитни ѕидови на пристаништето го штитат селцево веќе двесте години и несомнено ќе останат да стојат исправени овде долго време откако мене ќе ме нема. Отпорни. Силни. Безбедни. Овие ѕидини се сето она што јас не сум, но посакувам да бидам, и сега го допирам нивниот камен за среќа иако знам дека такво нешто не постои. Кејот го украсуваат низи рибарски бротчиња кои се нишаат на водата, различните бои сега им се покриени со сенки, а ноќниот воздух е мирен, свеж и тивок. Кога преминувам на крајбрежната патека, хоризонтот веќе го голтнал и она малку што имаше останато од светлината и сега единствената светлина е одразот на полната месечина врз површината на водата: како сребрено патче кое светка додека танцува врз поцрнетите бранови. Небото е како бесконечна црна прекривка украсена со светкави камчиња во форма на ѕвезди, еден цел универзум на можности и на восхит, и ме потсетува колку сме безначајни самите ние и нашите проблеми кои понекогаш ни се чинат непремостоливи.

Дури ме боли колку сум срамежлива. Ме исполнува со страв и самата помисла дека вечерва во галеријата ќе се сретнам со бројни туѓинци, знаејќи дека секој од нив во себе ќе суди и за *мене* лично, не само за мојата работа. Некои луѓе многу сакаат добри забави; јас лично секогаш претпочитам добра книга. Минав години сама дома грижејќи се за нашата ќерка. Работите можеби ќе беа поинакви да беше таа *нормална*, но ѝ бев потребна дваесет и четири часа на ден, секој ден, поради што сега сум излегла од форма кога станува збор за друштвени ситуации. Деновите ретко и да излегувам од дома. Харисон, пак, е чиста спротивност. Отсекогаш знаел како да шармира непознати луѓе и да ги натера да го засакаат. Така стори и со

мене. Никогаш не сум била некој за „меѓу луѓе“. Цел живот го минав чувствувајќи се како да не се вклопувам, да не припаѓам никаде, но се надевам работите можеби ќе се променат сега кога се доселивме овде.

Нов почеток, нова јас.

Додека трчам, ветрот со морска сол ми го гали лицето, ушите ми ги исполнува смирувачкиот звук на океанската вода, па забрзувам по најстрмниот дел од крајбрежната патека, сè до врвот на ритчето каде има водопад чии води со бучно шумолење се уриваат надолу по карпата. Неодамна со Харисон дојдовме овде на романтичен пикник и го гледавме зајдисонцето. Тој го нарече местово *наше специјално место*, но убавиот предел поради кој водопадот Хоуп Фолс[1] го добил името истовремено е и место каде многумина се откажуваат од надеж. Внимателно поставениот плакат за итната телефонска линија за спречување самоубиства, секогаш ме онерасположува кога ќе го здогледам. Претпоставувам понекогаш надежта навистина паѓа како водопад. Продолжувам да трчам по мојата кружна траса уште километар и пол, па слегувам од крајбрежната патека и продолжувам понатаму во внатрешноста, кон вресиштето. Трчам за да избегам од сето она, но на крај секогаш завршувам онаму од каде што и тргнав. Да, секако ја забележувам иронијата.

Нашата куќа се наоѓа веднаш на излезот од селото, стои сосема сама на врвот од еден стрмен рид, буквално вградена во карпите од каде се гледа водопадот Хоуп Фолс. Кога ја купивме, се викаше Двоглед, назив што одговара на оваа необична градба со нејзините огромни прозорци кои личат на очи. Куќава има бели, малку криви, брановидни ѕидови, и многу се радувам кога ќе помислам дека е нашиот дом засекогаш. Среќата е емоција што подолго време не сум ја „носела“ на себе и ми олеснува што чувствувам дека сè уште „ми стои“. Се надевам ќе ми стои пригодно и старинскиот црн кадифен фустан што избрав да го носам подоцна вечерва.

1 Hope Falls: водопад на надежта (Сите забелешки се од преведувачката.)

Двоглед е изградена во шеснаесеттиот век; претходната сопственичка била жена која живеела овде речиси сто години. Кога првпат влеговме во куќата, повеќе личеше на музеј одошто на дом, не можеше повеќе да се разликува од нашиот модерен стан во Лондон, и убаво насетив дека Харисон не е сигурен за изборот. Можните поврзани трошоци речиси му оневозможија да го согледа нејзиниот потенцијал, но кога ќе се вљубам во нешто, морам да го имам. Јас сум повеќе по реновирањето одошто тој – мојот сопруг нема трпение за такви работи – но, понекогаш можеш да преобразиш некое место дури и со наједноставни промени, а така можеш да преобразиш и личност, и потоа тоа место или таа личност стануваат речиси непрепознатливи.

Стигнувам до влезната портичка и гледам дека на приодната патека стои паркиран Харисоновиот автомобил купен од „средовечна криза“. Толку ми е мило што дошол од Лондон навреме за мојата изложба што трчам по патчето низ градината радосна што ќе го видам. Низ годините минавме низ многу тешки и тажни мигови, но сега сето тоа е зад нас. Хоуп Фолс значи нов почеток за нашиот брак, не само за мене, и се надевам дека тој вечерва ќе се гордее со мене. Можеби и ќе ме погледне како што ме гледаше порано, кога сè уште бевме само тој и јас. Онаа што бев порано постојано се бори со онаа која сакам да бидам.

Единственото што го носам со себе кога трчам е клучот за влезната врата.

Тргнувам да го ставам во бравата, но како да не влегува убаво, па повторно се обидувам.

Клучот повторно не сака да влезе во бравата, не разбирам што се случува.

Како ова да е погрешен клуч, ова да е погрешна куќа, а тоа е невозможно. Куќава е единствениот имот на оваа тивка природна патека од која се гледа целото село.

Втренчено гледам во клучот, па во вратата. Клучот ми стои на приврзок што Харисон ми го подари дента кога ја купивме куќава. Поделивме шише шампањ на нашето

специјално место до водопадот додека гледавме како сонцето заоѓа и изгрева месечината, а потоа ми подаде прекрасно украсно кутиче за подарок. Внатре стоеше клучов, закачен за сребрен приврзок, на чија предна страна беше гравирано моето име – Иден – со ѕвездички околу него, а на задната, зборовите *Те сакам до Месечината и назад.* Повторно се обидувам да ја отклучам вратата, но кога клучот и натаму не влегува, тропам трипати со чукалото во форма на лисица на вратата. Мора да постои некое едноставно објаснување. Хари веројатно ќе ми го земе клучот од рака, ќе го пикне без проблем во бравата, а јас ќе се почувствувам како будала. Од таа помисла повторно се насмевнувам, но насмевката брзо ми ја заменува муртење.

Вратата не ми ја отвора мојот сопруг.

Ми ја отвора жена.

Никогаш порано не сум ја видела, но ми има нешто познато кај неа.

Многу личи на мене.

„Повелете?“ прашува и се шокирам кога слушам колку многу и звучи како мене.

Во прв момент не велам ништо. Просто, не можам збор да изустам. Само стојам така и се џарам во неа.

Жената го носи мојот црн кадифен фустан, оној што ќе го носев вечерва за настанот.

„Која сте вие?“ ја прашувам, а гласот од мене излегува како шепот.

„Јас сум Иден Фокс. Живеам овде.“

2
ИДЕН

„*Јас* сум Иден Фокс. Што зборувате?“

Жената зјапа во клучот кој сè уште го држам в рака, небаре вперувам оружје кон неа. На секој можен начин како да гледа одозгора во мене, од што чувствувам необична свест за тоа каква сум сега, облечена за трчање додека таа го носи *мојот* фустан и стои во *мојот* дом. Потоа се загледува во мене како да мисли дека сум луда или опасна или и двете.

За момент се прашувам дали навистина сум.

Но јас *навистина* сум Иден Фокс, и ова *навистина* е моја куќа. Можеби се доселивме само пред неколку седмици, но оттогаш едвај и да излегов од Двогледот. Претходната сопственичка живеела овде речиси сто години. Благо кажано, куќата се наоѓаше во непоправлива состојба, но нештата што се расипуваат често можат да се поправат со малку љубов и напорна работа. Иако сопругот има импресивна плата како генерален директор на една компанија во Лондон, откако се преселивме сепак не останаа многу готови пари на располагање, па самата сработив голем дел од работата. Не сум заборавила дека самата ги кревав и тргав сите теписи, дека самата ги стругав подните штици, самата ги бојадисував ѕидовите додека Харисон сè уште беше в град. Во куќава имам вложено моја крв, пот и душа.

Куќава е моја.

„Мислам дека сте згрешиле“, вели жената која така тврди дека куќава е нејзина и дека *таа е јас*.

Навистина, малку личи на мене.

Ја носи мојата облека.

Дури и мириса на мојот парфем.

Жената тргнува да ја затвори вратата, а јас се чувствувам исфрлено од колосек и чудно, како кога знаеш дека сонуваш лош сон и се напрегаш да се разбудиш. Но, ова не е сон и не сфаќам што се случува.

Пикам едно стапало на прагот и така ја спречувам да ја затвори вратата, а таа се загледува надолу во моите патики. Зинува и прави совршено „О“ со усните. Изгледа толку шокирано што речиси почнувам да се извинувам.

„Не знам која сте вие, но ова е *моја* куќа“, инсистирам.

„Очигледно се збунивте. Јас овде се доселив уште пред неколку седмици“, вели таа, а звучи исплашено.

Но, лаже.

Таа не се досели овде пред неколку седмици. Се доселив јас.

Низ умот ми итаат милион мисли, но ниедна ми нема смисла.

Се грижам дека ова е некој вид внимателно разработена кражба на идентитет, но внатре во куќата има многу малку предмети што вредат макар нешто. Харисон има добро платена работа, но имаме хипотека и плаќаме надоместоци за ќерка ни, па не сме богати со готови пари. Не постои логична причина за кој било да посака да го украде моето име, мојот живот или моите предмети. Ние сме едноставно нормални луѓе, си живееме во нормална куќа, водиме сосема нормален живот. Посакувам да не го оставев телефонот на кујнската работна маса пред да излезам. Барем сега ќе можев да повикам некого, иако не знам точно кому би се јавила. Со поглед ѝ го проучувам лицето на жената, ме вознемирува колку слично изгледаме. Долгата руса коса дури ѝ е наместена исто како што јас ја местам

мојата, на лицето има нанесено иста минимална шминка, а фустанот знам дека е мој. Го купив од еден мал бутик во Лондон и го имам со години, самата го шиев кога ми се скина на една забава. Обично се снаоѓам и ги поправам сите работи во мојот живот.

А, таа навистина изгледа како мене. Како малку постара, поисполирана верзија од мене. Како што можев да изгледам јас, да се грижев досега повеќе за сопствениот изглед. Да можев изминативе десет години да се грижам само за себе, наместо за моето семејство.

Жената грчевито ја стиска влезната врата и сега на нејзината рака здогледувам нешто кое го препознавам.

Ги носи мојот свршенички прстен и мојот венчален прстен.

Секогаш ги вадам кога трчам. Никогаш не сакам да привлекувам внимание на себе кога навечер трчам сама. Тргам од себе сè што има некаква вредност додека сум ранлива, а поради оној мој длабоко вкоренет страв дека ќе ми бидат одземени нештата што ги сакам оние нешта за кои толку се трудев да ги добијам и да ги задржам.

Се џарам во мојот прстен. Во мојот фустан. Во мојот дом. Во нејзиното лице. Збунетоста ми се претвора во гнев, стравот се искривува во бес.

„Што се случува, да му ебам?“ брзо изговара.

Таа повторно се обидува да ја затвори вратата. „Ве замолив да го напуштите мојот имот.“

„Ова не е *твој* имот, лудачке“, велам со повишен глас. Наеднаш, таа изгледа преплашено и ми се џари преку рамо, небаре уште некој можеби стои во темнината зад мене. И јас погледнувам преку рамо, но нема никој, но кога се вртам за подобро да погледнам, повторно го здогледувам автомобилот на Харисон на приодната патека. „Каде е мојот сопруг?“

„Не знам која сте или кој ви е сопруг“, вели таа и во меѓувреме се прибрала, „но ако веднаш не заминете, ќе повикам полиција“.

„Одлично. Слободно повикај ги“, ѝ велам. „И јас ќе повикав, да го имав телефонот при себе“.

И тогаш, му го слушам гласот и ме облева олеснување.

„Сè ли е во ред?“ вели Харисон додека брзо приоѓа по ходникот одзади кон неа и се џари кон мене. Сè уште го носи костимот од работа – црн армани, во комбинација со црна кошула и вратоврска. Постар е десет години од мене, но убаво одржуваниот надворешен изглед и беспрекорната облека често го прават да изгледа помлад одошто е. Некои мажи стануваат уште поубави со годините, еден од нив е и мојот сопруг. Тој е мојата крапа. Мојот љубовник. Мојот најдобар пријател. Што и да е ова, сега кога тој е овде, ќе биде во ред.

А таа одговара пред јас да зинам.

„*Женава* мисли дека живее овде“, му вели. „Се закануваа и не сака да ја тргне ногата од врата.“

Очекувам Харисон заповеднички да ја праша која е *таа*, по ѓаволите, и да ме пушти да влезам.

Но, Харисон стои на нашиот праг, заштитнички ја прегрнува со едната рака жената која никогаш во животот не сум ја видела, бесно се загледува во мене и вели: „Ова е наш дом. Не ве познавам. Ве молам, одете си“.

И потоа, мојот сопруг со тресок ми ја затвора вратата пред нос.

3
ИДЕН

Никогаш не ми било важно што се случува зад затворени врати, освен ако таа затворена врата не е моја.

Стојам пред вратата и со неверување се џарам во неа, а потоа почнувам да тропам силно со тупаница.

Никој не одговара, вратата не се отвора.

Очајно, повторно се обидувам да отклучам со мојот клуч и, се разбира, тој не сака да влезе во бравата.

Некој да не ја сменил бравата додека трчав?

Ако ова е шега, не е смешно. Вечерва ја имам мојата прва изложба и немам време за ова, што и да претставува сето *ова*. Морам да се истуширам, да се преслечам и да се подготвам. Морам да влезам во *мојата* куќа. Морам да слушнам објаснување, некој да ми каже што се случува, бестрага.

Ѕвонам повеќепати на ѕвончето, потоа го туркам жлебот за уфрлање писма низ вратата и ѕиркам внатре, но гледам само празен ходник.

Вечерва студи и мрзнам сега откако престанав да трчам.

И треперам, но мислам дека не треперам поради ниската температура.

„Отворете ја проклетава врата!“ викам.

Никој не ми одговара.

Ништо од ова ми нема смисла. Ми треба мобилниот, но внатре е во куќата, а внатре ми се и паричникот и клучевите од автомобилот. Би можела да се вратам пеш до селото, но каде би одела? Овде уште не познавам никого. Разговарав само преку имеил со сопственикот на уметничката галерија, еднаш и на телефон. Се надевав дека вечерва ќе го запознам и ќе оставам убав впечаток.

Повторно бучно тропам на вратата. Овој пат, кога никој не отвора, одам околу до зад куќата. Ја испробувам кваката на задната врата, но заклучена е, а заклучени се и прозорците. Спуштените ролетни и навлечените завеси ме спречуваат да погледнам внатре, но светлата се запалени. Знам дека се внатре. Многу ми студи и збунета сум и сега чувствувам како почнувам да се ронам однатре. Ми се чини како да сонувам лош сон, но не можам да се разбудам од него. Вечерва требаше да биде важна вечер за мене, за нас. Не знам зошто Харисон би се согласил да учествува во вакво нешто.

И тогаш, ми светнува. Не би се согласил. Барем не своеволно.

Се враќам кон предниот дел на куќата и тогаш во далечина слушам автомобил. Живееме на безимена уличка најгоре во селото, ретко има каков било сообраќај и се прашувам дали да го сопрам возачот со сигнал, ќе може ли возачот да ми помогне. Но, што би му кажала? Што воопшто би можела да кажам, а да не звучам како да сум полудела? Всушност, треба да стапам во контакт со полицијата. Во Хоуп Фолс има една мала полициска станица – се наоѓа во поранешна рибарска куќичка – но, се сомневам дека во неа има присутен кадар дваесет и четири часа ден Не дека местово е расадник на криминалот. Харисон очигледно го прави ова против својата волја, а тоа значи дека онаа жена е опасна. Да го имав телефонот при себе, ќе свртев во Службата за итни ситуации, но бидејќи го немам, мислам дека следната најдобра опција ми е да отрчам до полициската станица.

Изгледа, нема да мора да трчам таму.

Звукот што го слушнав беше од полициски автомобил: нешто слично на инстинкт ме тера да останам да стојам во сенките додека тоа возило сопира на приодната патека. Чучнувам во темнината и гледам како еден униформиран полицаец се упатува кон влезната врата. Изгледа премлад, презгоден и премногу неискусен за да се справи со оваа ситуација. Како дете кое се маскирало. Чекам и гледам како Харисон ја отвра вратата, а потоа го слушам како лаже.

„Се извинувам што ве повикав, но не знаевме што друго да стори ме. Една жена ни тропаше на вратата и упорно тврдеше дека живее овде“, му објаснува мојот сопруг на полицаецот. „Изгледаше конфузно и нестабилно, ѝ се закануваше на мојата сопруга.“

Јас сум неѓоваша соѯруѓа.

Не знаев дека мојот сопруг умее вака да лаже.

Сега, кога го слушам како лаже, ми се сврtува во главата.

Младиот полицаец кима со убавата глава, минува со едната дланка низ клапнатата коса, брзо чкраба нешто во неговото џебно нотесче и потоа ги прашува оние двајца како се викаат.

„Јас сум Харисон Вулф, а ова е мојата сопруга, Иден Фокс.“

Така се викам јас, не ша.

Еден гневен глас во мојата глава ми вели веднаш да одмаршира м онде и да кажам нешто. Да му наредам на Харисон да ја каже вистината. Но, еден друг глас, посмирен, ми вели да останам скриена, засега да бидам тивка, да се обидам да сфатам што се случува овде.

„Значи, никогаш порано не сте ја виделе женава?“ прашува полицаецот.

„Не, никогаш“, вели Харисон, а лагава звучи толку убедливо што за малку ќе ме убеди и мене. „Со сопругата штотуку се доселивме овде пред неколку седмици и досега овој крај ни се гледаше многу безбеден.“